***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 11-877/3***
***Скопје 23.12.2005 година***

**ДО**
**ВМРО ДПМНЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО – ДПМНЕ) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 5 став 1 од Законот за државна ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија, и согласно член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на ВМРО ДПМНЕ за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се изготвени во согласност со прописите кои важат во Република Македонија и истите претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   › Никола Груевски, претседател на партијата
   › Гордана Јанкуловска, генерален секретар

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 02/09/2005 до 12/09/2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор;
   - Билјана Ивановска, Виш ревизор;
   - Александар Ѓорѓиевски, Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето: дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применатa на законска регулатива, и тоа во делот на применитe донации, видот на остварените приходи, финансирање на политичките партии и пописот на имотот со кој располагаат.

8. Финансиските извештаи, кои се предмет на овој извештај, се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија, со извршени рекласификации заради добивање на појасна слика, и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од политичката партија ВМРО ДПМНЕ добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 03-248/2 од 16/12/2005 година, и тоа на точката 10.1. и на дел од обелоденетите информации кои се однесуваат на состојбата на паричните средства на 31 декември 2004 година и на изборната сметка за претседателските избори во 2004 година, при што ревизијата ги прифати забелешките на точката 10.1, додека делумно се прифатени останатите наведени забелешки.

Ревизијата смета за неопходно да ги обелодени следните информации:

- Со увид во Билансот на приходи и расходи констатирано е дека политичката партија ВМРО ДПМНЕ во текот на 2004 година има остварено приходи во вкупен износ од 236 илјади денари, а искажаните расходи се во износ помал од една илјада денари. Ова се должи, според усмените укажувања на Генералниот секретар на партијата, на фактот што сметката била блокирана врз основа на записникот од Управата за јавни приходи, иако според писменото известување од Управата за јавни приходи – Генерална дирекција, број 12 – 13230/2 од 30/09/2004 за да не се дава политичка димензија на поинакво постапување до конечноста по поведениот управен спор, дадена е согласност да не се извршува управниот акт по кој е поведен управниот спор. Исто така, врз основа на барањето од ревизијата да се добијат информации за состојбата на сите сметки со кои располага партијата, добиено е писмено известување од „Македонска Банка” АД од 12/09/2005 година во кое се наведени само сметките за изборни кампањи.

Државниот завод за ревизија дополнително се обрати до Советот за радиодифузија, со писмо број 11-779/1 од 07/11/2005 година, со цел да се добијат информации за обемот на финансиските средства за организација на изборната кампања и медиумските активности за вонредните претседателски активности во 2004 година, при што со одговорот број 03-2548/2 од 10/11/2005 година е добиен Билтенот број 15, изготвен од Советот за радиодифузија, во кој детално е обработена темата „Електронски медиуми и претседателските избори во 2004 година", во која се дадени активностите на сите политички партии кои имаа кандидат за вонредните претседателски избори во 2004 година, со информации поодделно за секоја телевизиска и радио станица, преку платено политичко рекламирање, политички спотови, снимки од митинзи, дебатни емисии и други активности изразени во временска рамка (часови и минути). Според анализите искажани во наведениот билтен, политичката партија ВМРО ДПМНЕ учествувала во сите активности во вонредните претседателски избори.

Имајќи ги предвид износите кои се евидентирани во финансиските извештаи, ревизијата не обезбеди доказ дали сите активности на политичката партија се искажани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

- Заради настаните во политичката партија ВМРО ДПМНЕ, што се случија непосредно по претседателските избори, односно неизвршеното примопредавање на целокупната партиска документација и партиските печати, по неотповикливата оставка на поранешниот генерален секретар, ревизијата не беше во можност да се увери во оригиналноста и веродостојноста на прикажаните состојби во финансиското и материјално работење.
- Според донесената одлука од страна на органите на партијата, изготвувањето на финансиските извештаи е извршено врз основа на утврдената фактичка состојба, како и врз основа на копии од документацијата обезбедени преку соодветни институции и организации (барање до Основен суд Скопје 1 – Скопје за издавање копија на целокупната документација од регистарската влошка, барање до Македонска Банка за издавање копии од изводите на жиро сметката и на сите потсметки на ВМРО-ДПМНЕ).
- На ревизијата и беа доставени: Решение од Државната изборна комисија, со кое се потврдува листата на кандидатот Сашко Кедев од најмалку 10.000 избирачи и изјава од страна на претседателот на партијата дека изборната сметка за Претседателските избори во 2004 година е отворена од страна на група граѓани. Како кандидат бил избран Сашко Кедев. Ревизијата не изврши увид во споменатата сметка бидејќи, согласно Законот за државна ревизија, не постои законска обврска да се врши ревизија на сметките отворени од група граѓани, односно на жиро сметки кај други субјекти кои не се предвидени во Законот.
  Државниот завод за ревизија дополнително со писмо број 07-771/2 од 04/11/2005 година се обрати до Државната изборна комисија со цел да добие информации за дадената согласност за отварање на сметка за изборна кампања. Од Државната изборна комисија добиена е потврда број 07-65/2 од 19/03/2004 година, според која на барање на ВМРО ДПМНЕ, поднесено на 19/03/2004 година за отварање на жиро сметка со назнака „За изборна кампања" за листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Г-дин Сашко Кедев на



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел: 3211-262, факс: 3126-311* ----------------------------

ВМРО ДПМНЕ, како организатор на изборната кампања се одобрува отварање на наведената сметка.

Од Македонска Банка – Скопје добиена е потврда од 22/03/2004 година, со која се потврдува дека е отворена сметка за изборната кампања - за листата кандидат за претседател на Република Македонија, г-дин Сашко Кедев на ВМРО-ДПМНЕ, како организатор на изборната кампања.

11. Поради значењето на прашањата објаснети во претходните пасуси, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

12. Ревизијата е на мислење дека законската регулатива, пред се Законот за политичките партии, Законот за избор на претседател на Република Македонија, Законот за локални избори и Законот за државна ревизија, според кој не постои законска можност за продолжена ревизија, не воспостави соодветни услови за поголема контрола во искажување на сите трансакции во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

**Скопје, 22/12/2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

____________________

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-жenија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации и приходи од други извори | 3.1 | 116 | |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 3.2 | 119 | |
| Вонредни приходи | 3.3 | 1 | |
| **Вкупни приходи** | | **236** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Вкупно расходи** | | **0** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи-добивка** | | **236** | **0** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 13 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел: 3211-262, факс: 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

## ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложенија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 230 | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 12,265 | |
| **Вкупно тековни средства** | | **12,495** | **0** |
| **Нетековни средства** | **4.2** | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 49,405 | |
| **Вкупно нетековни средства** | | **49,405** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **61,900** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Добавувачи | 4.3.1 | 4,159 | |
| Обврски за данок на промет и други давачки | 4.3.2 | 7,129 | |
| Пресметка и обврска за плата | 4.3.3 | 971 | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 236 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **12,495** | **0** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Деловен фонд | 4.4.1 | 49,405 | 0 |
| **Вкупно извори на средства** | | **49,405** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **61,900** | **0** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 13 се составен дел на финансиските извештаи

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
***Број 1004-147/2***
***Скопје, 30.01.2006 година***

Врз основа на член 27 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ" број 73/2004 година – Пречистен текст) е добиен Приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај политичката партија ВМРО - ДПМНЕ, број 03 – 14/3 од 26/01/2006 година. Главниот државен ревизор го донесе следното

***Р Е Ш Е Н И Е***

### 1.1.1 По поднесен приговор на Конечниот извештај

1. Приговорот на делот кој се однесува на обелоденување на информациите, според кои не е блокирана сметката на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, од страна на Управата за јавни приходи, а врз основа на записникот по кој е поведен управниот спор, со цел да не се дава политичка димензија, не се прифаќа.

2. Приговорот на делот кој се однесува на обелоденување на информациите, и тоа на делот според кој ревизијата не обезбеди доказ дали сите активности на политичката партија се искажани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи, не се прифаќа.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија кај политичката партија ВМРО - ДПМНЕ за 2004 година, поднесен е приговор број 03 – 14/3 од 26/01/2006 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следната:

1. Приговорот на делот кој се однесува на обелоденување на информациите, според кои не е блокирана сметката на политичката


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел: 3211-262, факс: 3126-311* ----------------------------

партија ВМРО ДПМНЕ, од страна на Управата за јавни приходи, а врз основа на записникот по кој е поведен управниот спор, со цел да не се дава политичка димензија, не се прифаќа од следните причини:

a. Делумно извршување на решението на Управата за јавни приходи е извршено на 28/01/2004 година на износ од 6 илјади денари, колку што изнесувала состојбата на паричните средства на политичката партија;
b. Според сметководствената состојба за паричните средства која на денот на ревизијата не беше поткрепена со валидни документи, односно со изводи од сметката, или со копија од истите, заради настанатата состојба во партијата, во текот на 2004 година според описот на евидентирањето извршени се уплати во вкупен износ од 236 илјади денари, и тоа на 01/01/2004 и на 31/12/2004 година. Од истите средства извршена е исплата по основ на наведеното решение. Според оваа евиденција состојбата на крајот на годината изнесува 230 илјади денари, колку што е искажано во финансискиот извештај Биланс на состојба. Врз основа на изнесеното, партијата имала парични средства на сметката и од истата се наплатени само дел од решението, додека за остатокот од побарувањето на Управата за јавни приходи во текот на 2004 година не е блокирана сметката;
c. Во текот на ревизијата е добиено писмено известување од „Македонаска банка АД,, во кое се наведени сметките за изборна кампања на председател на Република Македонија и за изборна кампања за градоначалници, додека за редовната сметка на ВМРО ДПМНЕ не се доставени податоци.

2. Приговорот на делот кој се однесува на обелоденување на информациите, и тоа на делот според кој ревизијата не обезбеди доказ дали сите активности на политичката партија се искажани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи, не се прифаќа од причина што во Билтенот од Советот за радиодифузија, во темата „Електронски медиуми и претседателските избори во 2004 година" детално се дадени активностите на сите политички партии кои имаа кандидат за вонредните председателски избори во 2004 година, со информации поодeлно за секоја телевизиска и радио станица, преку платено политичко рекламирање, политички спотови, снимки од митинзи, дебатни емисии и други активности наведени во билтенот, при што политичката партија ВМРО ДПМНЕ учествувала во сите активности во вонредните председателски избори.

**Главен државен ревизор**

**Д-р Драгољуб Арсовски**